**З А П И С Н И К**

**од Осмата седница на Владата на Република Македонија,**

**одржана на 22.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**

**од Осмата седница на Владата на Република Македонија,**

**одржана на 22.6.2017 година**

Седницата започна во 18:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, члeновите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваше и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација.

На седницата присуствуваше и Ментор Зеќири, директор на Фитосанитарната управа.

Од седницата отсуствуваше Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. ИНФОРМАЦИЈА ЗА МОЖНОСТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2017 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-УРЕДБА

2. ИНФОРМАЦИЈА СО ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОИЗВОД ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА DEGESCH - PLOCI/TRAKI ИНСЕКТИЦИД И РОДЕНТИЦИД ЗА ОГРАНИЧЕНА И КОНТРОЛИРАНА УПОТРЕБА

3. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2017 ГОДИНА НАМЕНЕТИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА И ФОНДАЦИИ

4. БАРАЊЕ НА ВЛАДИМИР ЦВЕТКОВИЌ, ЗА ПРИЕМ ВО ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СОГЛАСНО ЧЛЕН 11 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

5. БАРАЊЕ НА ЗОРАН БАШАНОВИЌ, ЗА ПРИЕМ ВО ДРЖАВЈАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СОГЛАСНО ЧЛЕН 11 ОД ЗАКОНОТ ЗА ДРЖАВЈАНСТВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

6. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

7. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

8. ИНФОРМАЦИЈА ПО ПОВОД ОБЈАВЕНИОТ ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА ОД СТРАНА НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА „ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА“, ВО ДРЖАВНА

СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ, БР.01-54/2016 ОД 15.6.2017 ГОДИНА ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА ЗА ДИСКОНТИНУИРАН СИСТЕМ НА ЕКСПЛОАТАЦИЈА

9. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ВЛЕГУВАЊЕ И ПРЕСТОЈУВАЊЕ НА СТРАНСКИ ВООРУЖЕНИ СИЛИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАРАДИ УЧЕСТВО ВО ВЕЖБОВНА АКТИВНОСТ „DRAGON RIDE"

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година, со Предлог-уредба (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата со Предлог - одлука за одобрување на производ за заштита на растенијата DEGESCH - PLOCI/TRAKI инсектицид и родентицид за ограничена и контролирана употреба, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за одобрување на производ за заштита на растенијата DEGESCH - PLOCI/TRAKI инсектицид и родентицид за ограничена и контролирана употреба, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за престанување на важење на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Државното правобранителство на Република Македонија, да ги преземе сите потребни дејствија и активности за поништување на склучените договори врз основа на Одлуката за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за

финансирање на програмските активности на здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2017).

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да побара од Државниот завод за ревизија, да изврши ревизија на законитоста на спроведената постапка за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за 2017 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, во периодот пред изборот на составот на новата Влада.

Доколку постои основ да се пријави и отвори истрага за обид за ненаменско и незаконско трошење на средства од Буџетот на Република Македонија.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Барањето на Владимир Цветковиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го разгледа Барањето на Зоран Башановиќ, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето.

**<u>Точка 6</u>**

1. Владата на Ванчо Шехтански, разрешен од должноста в.д. директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа, орган во состав на Министерството за локална самоуправа, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 9 месеци, сметано од 16 јуни 2017 година до 16 март 2018 година, кога му престанува и работниот однос.

2. Владата го именува Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политичкиот систем за член на Комисијата за политички систем.

**<u>Точка 7</u>**

1. По повод укажувањето на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, а во врска со Заклучокот бр.4 од Нацрт-записникот од Шестата (тематска) седница на Владата, одржана на 19.6.2017 година (точка 2) со кој се задолжуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за животна средина и просторно планирање да достават номинации за претседавачи или координатори за поткомитетите во нивна надлежност до Секретаријатот за европски прашања,

најдоцна до 20 јуни 2017 година, Владата заклучи министерствата кои немаат постапено по Заклучокот, веднаш да достават номинации до Секретаријатот за европски прашања.

2. Владата по Информацијата во врска со одржување на УЕФА Суперкуп 2017 на Национална арена Филип II Македонски ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со другите надлежни министерства поврзани со организацијата за одржување на УЕФА Суперкупот 2017 година, а особено со Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и д-р Драган Тевдовски, министер за финансии во рок од три дена да изнајде начин за реализирање на активностите на Националната арена Филип II Македонски со кои подготовки ќе се исполнат критериумите побарани од страна на УЕФА.

2) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во име на Владата на Република Македонија да испрати писмо до УЕФА, во кое ќе се наведе дека ќе се исполнат сите нивни услови и барања за одржување на Суперкупот 2017 година во Скопје.

3) На соодветен начин да се информира јавноста за состојбата и решенијата кои ќе ги превземе Владата за да бидат надминати затекнатите состојби со кои се соочува Владата, во постапката за одржување на Суперкупот 2017 година во Скопје.

3. Владата заклучи генералниот секретар на Владата на Република Македонија до сите членови на Владата да го достави Правилникот за користење угостителски услуги на товар на средствата во Буџетот на Владата на Република Македонија, донесен од генералниот секретар на Владата на Република Македонија, како урнек.

4. Владата ги задолжи сите министри да ги декласифицираат сите информации/податоци коишто се поврзани со трошоци за службени патувања и трошоци за репрезентација во самите министерства (во иднина, како и од претходниот период), освен податоците кои треба да останат заштитени согласно законските прописи (заради безбедносни структури, служби и слично).

5. Владата заклучи:

- на наредната седница на Владата да се разгледа информацијата со извештајот за изградбата на новиот објект на Клиничкиот центар - Скопје од Министерството за здравство, во однос на неправилностите во постапката, локацијата за изградба, како и другите отворени прашања поврзани со овој проект.

<u>**Точка 8**</u>

Владата ја разгледа Информацијата по повод објавениот Оглас за доделување на договор за јавна набавка од страна на Акционерското друштво за производство на електрична енергија

„Електрани на Македонија“, во државна сопственост - Скопје, бр.01-54/2016 од 15.6.2017 година за набавка на опрема за дисконтинуиран систем на експлоатација, ја усвои и го задолжи Надзорниот одбор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“, во државна сопственост - Скопје, веднаш да свика седница на Надзорниот одбор на Друштвото и да донесе одлука со која ќе се поништи одлуката бр.01-54/2016 од 15.6.2017 година на Акционерското друштво за производство на електрична енергија „Електрани на Македонија“ во државна сопственост - Скопје, за објавување на Огласот за склучување на договор за јавна набавка на опрема за дисконтинуиран систем на експлоатација и за наведената одлука да ја извести Владата.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за влегување и престојување на странски вооружени сили на територијата на Република Македонија заради учество во вежбовна активност „Dragon Ride“, во предложениот текст.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 19:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**